ОПШТИНА ШТИП

МОС СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-5376/4*
*31.10.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

# ОДЛУКА
# ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА ПО ИЗГОТВЕН

**Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип** (плански опфат: на запад по осовина на улица „Кирил и Методиј" и дел од улица „Иво Лола –Рибар", на север по осовина на улица „Иво Лола - Рибар", на исток по осовина на улица „Стојан Рибата" и дел од улица „Вера Циривири - Трена" и на југ по осовина на дел од река „Отиња" Општина Штип)

## Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен **Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип** (плански опфат: на запад по осовина на улица „Кирил и Методиј" и дел од улица „Иво Лола –Рибар", на север по осовина на улица „Иво Лола - Рибар", на исток по осовина на улица „Стојан Рибата" и дел од улица „Вера Циривири - Трена" и на југ по осовина на дел од река „Отиња" Општина Штип)

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:
- на запад по осовина на улица „Кирил и Методиј" и дел од улица „Иво Лола - Рибар",
- на север по осовина на улица „Иво Лола - Рибар",
- на исток по осовина на улица „Стојан Рибата" и дел од улица „Вера Циривири - Трена",

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за **Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип** (плански опфат: на запад по осовина на улица „Кирил и Методиј" и дел од улица „Иво Лола –Рибар", на север по осовина на улица „Иво Лола - Рибар", на исток по осовина на улица „Стојан Рибата" и дел од улица „Вера



Scanned with CamScanner

Циривири - Трена" и на југ по осовина на дел од река „Отиња" Општина Штип) вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 6.35ха.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одражување на јавната анкета и јавната презентација по **Детален урбанистички план за дел од четврт ЦЕ 01.03 од ГУП на град Штип, Општина Штип** (плански опфат: на запад по осовина на улица „Кирил и Методиј" и дел од улица „Иво Лола –Рибар", на север по осовина на улица „Иво Лола - Рибар", на исток по осовина на улица „Стојан Рибата" и дел од улица „Вера Циривири - Трена" и на југ по осовина на дел од река „Отиња" Општина Штип) ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 19 ноември 2024 (вторник) до 18 декември 2024 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 3 декември (вторник) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета.



Scanned with CamScanner

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија
Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01
Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk

Scanned with CamScanner